Пречистен текст 07.09.2023

Врз основа на член 34 од Статутот на Ракометна Федерација на Македонија, Управниот одбор на Ракометна Федерација на Македонија на ден 04.06.2021 година го донесе следниот:

# КОДЕКС ЗА РАКОМЕТНИ КЛУБОВИ

Овој кодекс се применува од страна на сите ракометни клубови пријавени во систем на натпревари при РФМ согласно Законот за спорт и останати позитивни законски прописи, овластените лица на клубовите, играчи и тренери на клубовите и личности поврзани со клубот (во понатамошниот текст: клубови) во сите постојани натпреварувања на РФМ.

Член 1

Клубовите со пристап кон системот за натпревари на РФМ се обврзуваат :

1. Клубовите ќе се однесуваат и натпреваруваат на сите натпреварувања и настани почитувајќи ги правилата на ракометна игра и во дух на взаемно почитување, спортско однесување, начело на спортско витештво и интегритет и фер плеј.

2.Клубовите во процесот на натпреварувањето ќе покажат почитување кон противничката екипа, службените лица и официјалните лица на РФМ, партнерите на РФМ и други организации и лица кои се поврзани со РФМ.

3.Клубовите ќе ги превземат сите неопходни кадровски, организациони и останати мерки во рамките на своите овластувања за спроведување на горенаведеното.

4.Клубовите кои со својот пласман ќе изборат учество во куповите на ЕХФ се задолжени благовремено и уредно да ги пријават учеството до канцеларијата на РФМ.

## 1. КОНТАКТ СО СЛУЖБЕНИ ЛИЦА И ОФИЦИЈАЛНИ ЛИЦА НА РФМ

Член 2

Лица кои што можат да обавуваат контакти помеѓу клубот и службените лица, номинирани за одреден натпревар, треба да бидат јасно одредени лица (одговорно лице или лице одредено од одговорното лице на клубот) кои имаат високи стандарди на интегритет (обврска за почитување на моралните вредности, должности итн.). Одговорноста за такво однесување ја превзема клубот домаќин за одреден натпревар.

Член 3

Лице кое треба да биде во контакт со службени лица и официјалните лица на РФМ, треба да биде известено за одредбите од овој Кодекс, за неговите принципи и за последиците во случај на непочитување на истите.

2. ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОДНЕСУВАЊЕ – ФИНАНСИСКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ ОБВРСКИ

Член 4

Клубовите се обврзани да гарантираат интегритет на натпреварување во секој поглед. Односно ниту едно физичко или правно лице на клубот не може да има контрола ниту влијание на било кој друг клуб кој учествува во натпреварувањето – вклучува сопственииштво, управување и администрација.

Член 5

Клубовите се должни да обезбедат сите вклучени страни, особено службените лица/официјални лица на РФМ да бидат третирани на крајно неутрален начин и да не ги изложуваат на било каква загрозувачка ситуација како и непотребни контакти.

Член 6

Клубовите мора да имаат одговорно однесување кое вклучува избегнување на било какви зборови или акции пред, за време на или после натпреварот кој може да доведе до заблуда на службените лица/официјалните лица на РФМ или било кое друго лице кое е на должност во име на РФМ, како и сите информации кои можат да влијаат на постапувањето на службените лица/официјални лица на РФМ на долгорочна основа.

Член 7

Ниту едно службено лице/официјално лице на РФМ нема да биде понудено со други услуги освен потребното гостопримство во врска со превозот, сместувањето и транспортот.

Член 8

Ниту еден поклон не смее да биде понуден или ветен на било кое службено лице/официјално лице на РФМ пред, за време на и по завршување на натпреварот, освен ситни предмети за спомен.

Член 9

Ниту една трета страна нема да добие пари или нешто што има вредност, ако има причина да се верува дека тие ќе бидат пренесени на кој било учесник со цел да влијаат врз одлуки или резултати.

Член 10

Клубовите ќе се придржуваат до сите важечки меѓународни, национални и локални стандарди против мито и корупција.

Член 11

Клубовите не смеат , директно или индиректно, да даваат или нудат мито, подмитување или други плаќања во пари или да даваат или нудат било што од вредност за било кој, вклучувајќи ги и службените лица, официјалните лица или вработени во РФМ, било кој клуб, компанија или јавни или меѓународни организации или било која друга трета страна, во цел за неправедно добивање или задржување, на било кој начин, неисправни и нерегуларни предности во врска со натпреварот или резултатот на натпреварот.

Член 12

Ракометните клубови се согласни да ги користат финансиските наодместоци кои произлегуваат од одлуките на УО на РФМ, за покривање на службени лица за спроведување на натпревари во систем на натпревари при РФМ и останато, во спротивно за непочитување на нормативните акти и позитивните законски прописи, истите ќе бидат иземени.

3. ОБВРСКА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ:

Член 13

Клубовите се должни веднаш да пријават до РФМ било какво прекршување на овој Кодекс на однесување.

Член 14

Сите службени лица/официјални лица на РФМ се должни доколку воочат било какво прекршување на овој Кодекс веднаш да пријават.

Член 15

На основа и во согласност со доставените пријави за прекршување на Кодексот за однесување, ќе биде поведена постапка преку дисциплинската комисија на РФМ.

4. РАБОТА И МОНИТОРИНГ

Член 16

Секоја комуникација, вербална или невербална, која би можела да влијае на постапката на службените лица/ официјални лица на РФМ ,а е во врска со натпреварот претставува повреда на овој Кодекс на однесување.

Клубовите мора да гарантираат најголема заштита на именуваните службени лица/официјални лица на РФМ за време на престојот во местото на домаќинот. Тоа вклучува и редарска служба, доколку е потребно, во текот на целиот престој на именуваните службени лица/официјални лица на РФМ, како би се осигурало дека истите ќе бидат без никакво непотребно влијание или пристап на трети лица без надзор.

Член 17

Секој престап на трета страна ќе се смета како прекршок на задолжителната обврска за заштита, и клубот домаќин ќе биде директно одговорен за таквиот прекршок.

Во зависност од тежината на прекршокот, ќе се постапи во согласност со општите акти на РФМ и со Дисциплинскиот правилник на РФМ.

5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Клубовите во согласност со одредбите на овој Кодекс, ќе учествуваат на натпреварувањата на РФМ на принципот на достоинство, почитување и на исклучиво спортски начин ќе гарантираат дека нема да влијаат на текот на натпреварувањето на службените лица/официјалните лица на непочитувачки начин или да манипулираат со резултатите. Ова вклучува доделување на подароци и парично мито, на непрфесионални судења и прифаќање на понуди за манипулација и/или соодветни обиди во врска со работењето на одредени обложувалници или парични достигнувања на лотаријата.

Член 19

Клубовите се должни овој Кодекс да го достават на сите задолжени лица во клубот.

Член 20

Прекршување на одредбите на овој Кодекс, може да доведе до суспензија на клубот за моментални или идни натпреварувања од страна на Дисциплинската комисија при РФМ.

Член 21

Жалба на одлука од член 20 на овој кодекс, се поднесува до Арбитражна комисија при РФМ , согласно актите.

Член 22

Одредбите на овој Кодекс почнуват да важат од денот на усвојување и истите не може да се применуваат ретроактивно.

Член 23

За толкување на овој Кодекс е надлежен Управниот Одбор на РФМ.

Ракометна Федерација на Македонија